


## ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „СИЛЈАН МИЦЕВСКИ“ ОД АВТОРИТЕ СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ - КАТИН И ЃОРЃИ ЛУМБУРОВСКИ

Според пишаните медиуми, денес Силјан Мицевски е еден од најмоќните бизнисмени во југозападниот дел на Република Македонија и најбогат во тој регион во бизнисот со ископ и градежништво. Затоа, според листата на најбогати фамилии во Македонија, тој е на дваесеттото место.

Во монографијата „Силјан Мицевски“ од Славе Николовски-Катин и Ѓорѓи Лумбуровски, која е подготвена од Издавачката куќа „Македонска искра“ од Скопје, во 2014 и во 2018 година, на 320 страници, на македонски јазик, меѓу другото се вели:

М-р Силјан Мицевски е првиот човек на градежното претпријатие „Пелистер“, а неговото семејство поседува близу 50 аптеки „Еурофарм“ низ цела Македонија. Поседува капитал и во повеќе компании низ Македонија што се занимаваат со градежништво. Инаку, важи за човек што со години помага во битолскиот спорт, културата, а им помогнал и на голем број битолчани.

Почетокот на работата на ГП ,,Пелистер” датира од 1968 година, кога работеше под името ,,Уметност”, занимавајќи се со градежно занаетчиство. Од 1977 година почнува да

се занимава со покрупни зафати на градежни работи и тогаш се формира голема градежна оператива со фузирањето на четирите помали градски оперативи: ,,Млад ѕидар”, ,,Солидна работа”, градежниот погон на КИБ ,,Битола” и ,,Уметност”. Со константен подем и рапидно темпо на пораст, ГП ,,Пелистер” станува комплетен изведувач од проект, преку градба, па сî до предавање на објектот по принципот ,,клуч на рака”.

Денес ГП ,,Пелистер” има своја проектантска организација, центар за развој и АОП, комплетна градежна оператива, свои фабрики за бетон, сопствен машински и возен парк, столарски, молерофарбарски, армирачки погони, комплет занаетчиство за сите фази на објектот, а врши услуги и по пат на инженеринг. ГП ,,Пелистер” брои околу 1000 вработени, од кои 20% се високостручни кадри, 60% КВ и 20% НКВ работници.

Резултатите постигнати во последните две деценииии не останаа незабележани од општествената заедница. ГП ,,Пелситер” е носител и добитник на низа признанија, награди и пофалници од општински и републички карактер. Земајќи ги предвид сите досегашни работни успеси, како и планот за перспективен развој, слободно може да се рече дека ГП ,,Пелистер” е способен да ги изврши најсложените и најодговорните задачи од градежништвото.

ГП ,,Пелистер” изведува градежни, градежно-занаетчиски и инсталатерски работи на сите објекти од високоградба, нискоградба, хидроградба, реконструкција, санација и адаптација на постојни објекти во земјата и странство, било со сопствените капацитети или по пат на кооперација. Гради и продава станови за пазар и други видови објекти.


AMSTEL
INTERNET
ZEISS
HotSpot
Casino



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**